РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 04-1039/9
10.11.2026 год.

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, 210/24 и 249/26), член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Крушево бр.01-765/1 од 07.07.2026 година, Градоначалникот на Општина Крушево на 10.11.2026 година, донесе:

О Д Л У К А
за избор за унапредување на административен службеник по објавен Интерен оглас

1. Кандидатот **ЕЛЕНА ИЛИЕСКА СЕ ИЗБИРА** за административен службеник за унапредување на работно место УПР 0101 В02 000 - Виш Соработник за ИКТ и техничка поддршка на ИСУЧР во одделението за ИКТ, во врска со објавениот Интерен оглас 1/2026.

2. Решение за унапредување на административен службеник ќе се донесе по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука ќе се објави на интернет страницата на Општина Крушево, а ќе се достави и до избраниот кандидат;

Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

Архивски знак
Shenjë arkivore 0401
Рок на чување
Afati i ruajtjes 15 g.
____.____.20____vit Потпис / Nënshkrim
Крушево / Krushevë

О б р а з л о ж е н и е

На 26.10.2026 година на интернет страницата на Општина Крушево и Агенцијата за администрација објавен е Интерен оглас 1/2026 за унапредување на еден административен службеник на работно место УПР 0101 В02 000 - Виш Соработник за ИКТ и техничка поддршка на ИСУЧР во одделението за ИКТ.

Со Решение бр.04-1039/5 од 28.10.2026 година, формирана е Комисија за унапредување на административен службеник.

Согласно Законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, 210/24 и 249/26) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РСМ" бр.259/24), се спроведе постапка за унапредување, утврдена со записник бр. 04-1039/7 од 09.11.2026 година за извршена административна селекција и записник бр.04-1039/8 од 09.11.2026 година за спроведено интервју и предлог – Одлука за избор на прво- рангираниот кандидат.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција ја достави финалната ранг листа и предлог – одлуката до Градоначалникот на Општина Крушево, кој носи Одлука за избор во рок од 3 (три) дена од добивањето на предлогот. Комисијата го предлага кандидатот Елена Илиеска.

Во рок од 5(пет) дена по конечноста на одлуката Градоначалникот донесува Решение за унапредување на административен службеник.

Согласно член 52 од Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Крушево бр.01-765/1 од 07.07.2026 година, Градоначалникот изврши избор на кандидат и донесе Одлука како што е цитирано во точка 1 на оваа Одлука.

Упатство за правно средство: Против оваа Одлука за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на Општина Крушево и Агенцијата за администрација.

Доставено до:

- **Агенција за администрација;**
- **Избраниот кандидат;**
- **Архива на Општина Крушево.**

Општина Крушево
Градоначалник,
Нико Чонески

